Врз основа на член 68 став 1 и 2, а во врска со член 74 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**за пристапот и начинот на користење информации на Народната банка на Република Северна Македонија коишто не се јавни**
**(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 250/20)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се уредуваат пристапот, обелоденувањето и публикувањето на информациите коишто се создадени во Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Народната банка) коишто не се јавни, а имаат карактер на класифицирани информации, информации коишто се „професионална тајна" и информации „за интерна употреба" од страна на надворешен корисник.

2. Одделни изрази употребени во оваа одлука го имаат следново значење:

- „Информација" е сознание коешто може да биде пренесено во која било форма.

- „Пристап до информации" опфаќа активности коишто се извршуваат врз информациите вклучително и: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, увид, употреба, пренесување или уништување, по електронски пат или на друг начин.

- „Надворешен корисник" е правно или физичко лице кое не е член на Советот на Народната банка или вработен во Народната банка, на кое Народната банка му доставува информации коишто се создадени во рамките на извршувањето на нејзините цели и задачи согласно со закон и/или коишто лицето ги добило на каков било начин, а коишто се класифицирани информации или информации коишто се „професионална тајна" или информации „за интерна употреба" .

- „Класифицирана информација" на Народната банка (во натамошниот текст: класифицирана информација) е информација којашто е создадена од Народната банка согласно со Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18) и Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19) и којашто се заштитува од неовластен пристап или употреба согласно со Законот и подзаконските акти за класифицирани информации.

- „Професионална тајна" е информација којашто не е класифицирана информација, не е јавна информација, а е создадена во Народната банка и нејзиното

оддавање може да има влијание врз работењето и интересите на Народната банка и да повреди друг правно заштитен интерес.

- Информација „за интерна употреба" е информација којашто не е класифицирана информација, не е професионална тајна и не е јавна, а којашто е создадена во Народната банка и се користи во рамките на интерното работење во Народната банка и нејзиното оддавање може да има влијание врз работењето и интересите на Народната банка.

## II. ПРИСТАП ДО И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ НА НАРОДНАТА БАНКА КОИШТО НЕ СЕ ЈАВНИ

**3.** При доставување класифицирани информации или информации коишто се „професионална тајна" или информации „за интерна употреба" до надворешен корисник, Народната банка дава пристап до информациите во смисла на точка 2 алинеја 2 од оваа одлука, само и исклучиво на надворешниот корисник до кој се доставени.

4. Надворешниот корисник на кој Народната банка му доставува класифицирани информации или информации коишто се „професионална тајна" или информации „за интерна употреба", не смее да ги обелодени, да ги публикува, да ги употреби за лична корист, да ги открие преку пренесување, објавување или на друг начин да овозможи неовластен пристап.

5. Овозможување неовластен пристап од страна на надворешен корисник опфаќа обелоденување, публикување, употреба за лична корист од страна на надворешниот корисник, откривање преку пренесување, објавување или овозможување достапност на друг начин на класифицираните информации или информациите кои претставуваат „професионална тајна" и информациите „за интерна употреба" создадени од Народната банка.

Информациите од став 1 на оваа точка, по исклучок, можат да бидат обелоденети во случај кога:

- за тоа е добиена согласност од Народната банка или
- обелоденувањето е обврска којашто произлегува од закон, или ако за тоа постои судски налог.

6. Надворешниот корисник е должен да примени мерки за заштита од неовластен пристап на класифицираните информации или информациите коишто претставуваат „професионална тајна" или информациите „за интерна употреба" на Народната банка.

7. Овозможувањето неовластениот пристап се смета за нарушување на работењето, интересите на Народната банка, заштитениот јавен интерес утврден со Законот за Народната банка и/или на друг правно заштитен интерес.

Лицата кои овозможиле неовластен пристап, согласно со ставот 1 од оваа точка, ќе носат одговорност согласно со важечките законски прописи.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

8. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**О бр. 02-15/XIV-3/2020**
**13 октомври 2020 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**